# ОГЛЕДАЛО НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

***Секое акционерско друштво користи пропишана стандардизирана форма на финансиски извештај, во кои се регистрираат промените во финансиската состојба и кои стануваат достапни, или пак се објавуваат еднаш годишно. Нивното изготвување во пропишана форма и содржина, има обврзувачки карактер и тие се наменети за корисниците на нивните информации: за вложувачите, вработените, заемодавачите, добавувачите и другите доверители, за купувачите, владите и нивните агенции, јавноста и за раководната структура.***

***Акционерските друштва, како еден од облиците на организирање и функционирање на стопанските субјекти, подлежат на задолжително изготвување на финансиски извештаи. Во практиката на земјите со долга традиција и акумулирано искуство во делот на функционирањето на акционерството, особено практично се потврдија четири основни финансиски извештаи чии информации ги задоволуваат стандардните барања на државата, кредиторите, сопствениците и на управата.***

***Податоците содржани во основните финансиски извештаи, се предмет на фундаментална анализа, со помош на која се откриваат и оценуваат перформансите и статусот на соодветно акционерско друштво (фирма). Тоа се постигнува со примена на методите на пресметка и интерпретација на финансиските показатели кои произлегуваат од анализата на временските серии.***

Финансиските показатели, со кои од страна на финансиските аналитичари се оценуваат перформансите на одредена фирма во определен период, или за целото време на постоење и работење, можат да се претставаат со четири основни групи или категории: показатели на ликвидност, потоа, за активност, односно деловна успешност, за задолженост и показатели за профитабилноста.

Со првите три показатели се овозможува определување и мерење, пред сé, на ризикот, додека со последната група на показатели се мери приносот. За задоволување на минимум податоци кои се неопходни за ефикасна финансиска анализа, потребно е да се разгледаат билансот на успехот и билансот на состојбата. Се разбира, изгледот, структурата и содржината на овие два основни финансиски извештаи е според книговодствената практика и процедура, што е позната како општо прифатени сметководствени принципи одобрени од професионалните сметководствени правила воспоставени од Financial Accounting Standards Boord (FASB).



Во согласност со овие правила, билансот на успехот содржи: Приходи од продажба - минус: трошоци за продадените стоки, бруто профит, минус: оперативни трошоци, трошоци на продажба, општи и административни трошоци, закупнина и други трошоци, амортизација и вкупни оперативни трошоци. Потоа: Оперативен профит- минус: плаќање на име камати, потоа нето профит пред оданочување, минус - даноци и нето профит по оданочување, минус - дивиденди по преферцијални акции, добивка расположива за акционерите на обични акции и добивка по удел.

Донесениот Правилник за сметководствени стандарди во 1997 год., што претставува директно преземање на меѓународните сметководствени стандарди ("Сл. весник на РМ" бр. 40/97 од 9.8.1997 год.), со МСС 5 се дефинирани информациите што треба да ги содржи билансот на состојбата и бил-

на презентирањето на вистинската слика. Во прилог на поодблизу објаснување на претходната констатација, ќе го разгледаме билансот на состојба во редуциран облик на две фирми: А и Б.

Фирма А:
Тековна актива: готови пари 0, ликвидни хартии од вредност 0, побарувања од купувачи 0, залихи 10.000 денари, или вкупно тековна актива 10.000 денари.

Тековна пасива: обврски спрема добавувачите 0, потврди доспеани за плаќање 5.000 денари, други обврски 0, или вкупна тековна пасива 5.000 денари.

Фирма Б:
Тековна актива: готови пари 2.500, ликвидни хартии од вредност 2.500, побарувања од купувачи 2.500, залихи 2.500 денари, или вкупно тековна актива 10.000 денари.

Тековна пасива: обврски спрема добавувачите 2.500, потврди доспеани за плаќање 1.500 денари, други обврски 1.000, или вкупна тековна пасива 5.000 денари.

Проследувајќи ги билансите на состојба и на двете фирми во вкупна тековна актива и пасива, износите се истоветни, што остава првичен впечаток, без аналитичко проникнување во структурите на активата и пасивата на двете фирми, дека имаат еднаква ликвидност, на што, впрочем упатуваат и идентичниот тековен коефициент кој и кај двете фирми е 2,0 (10.000 : 5.000).

Токму заради можноста од замаглена и погрешна претстава да се добие во анализирање на финансиските извештаи со користење на показатели на ликвидноста, се внесува друг инструментариум за аналитичко проникнување во композицијата на активата и пасивата на фирмата кој се нарекува коефициент на активноста на фирмата, односно деловна успешност.



Со примената на апаратурата на коефициентот на активноста на фирмата, кој подразбира постапка на идентификација на разлики во компонираноста на тековната актива и пасива, кај наведените две фирми се забележува дека фирмата Б има поликвидна актива во форма на готовина и ликвидни хартии од вредност наспроти фирмата А која има само една и релативно неликвидна ставка во активата во облик на залихи.

Обртот на залихи претставува заедичко мерило со кое се мери активноста или ликвидноста на фирмата и претставува однос меѓу трошоците за продадените стоки и вкупните залихи.

Овој показател добива и други облици, како што е просечниот период на задржување на залихите кој се добива делејќи ја вкупната вредност на залихите со бројот 365, колку што денови има една година.

Просечниот период на наплата, претставува мерка со која се анализира активноста на фирмата и со овој показател се мери просечната старост на побарувањата од купувачите, што е од особена важност во утврдувањето на политиката на кредитирање што ја води фирмата (акционерското друштво).

Овој индикатор се добива со делење на побарувањата од купувачите со просечните продажби на ден.

Просечен период на наплата = побарувања од купувачите, врз просечните продажби на ден.

Побарувања од купувачите врз годишна продажба 365.

Просечниот период на плаќање како коефициент, претставува просечен период на плаќање на обврски спрема добавувачите и тој се добива на следниот начин:

Просечен период на плаќање = на обврски спрема добавувачите, врз просечни плаќања на ден.

Промет на основни средства (актива) е мерка со која се утврдува ефикасноста на фирмата во користењето на основните средства со продажба.

Овој показател се добива со пресметување на продажбата што ја обавила фирмата на нето основните средства.

Промет на основни средства = на продажба, врз нето основни средства.

Добивањето на повисока вредност за прометот на основните средства, значи поголема ефикасност во искористувањето на основните средства.

Промет на вкупната актива како мерило преку кое се идентификува степенот на активноста на фирмата ја покажува ефикасноста со која фирмата ја користи целата актива во генерирање на продажба. И овде повисоката вредност на ова мерило се толкува како поголема ефикасност во искористувањето на активата.

Обрт на вкупната актива (промет) = на продажба, врз вкупна актива.

**д - р Ристо Фотов**